**ЗАКОН ЗА УПРАВНИ СПОРОВИ**
**(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/2019)**

**1. Предлогот за повторување на постапка во управниот спор поднесен од неовластено лице со решение ќе го отфрли:**

а) Врховниот суд
б) Управниот суд
в) Вишиот управен суд

**2. Кој суд одлучува по жалби против пресудите на Управниот суд ?**

а) Апелациониот суд
б) Вишиот управен суд
в) Врховниот суд на Република Северна Македонија

**3. Кој суд одлучува по жалби против решенијата на Управниот суд?**

а) Апелациониот суд
б) Вишиот управен суд
в) Врховниот суд на Република Северна Македонија

**4. Врховниот суд одлучува за судир на надлежност:**

а) во совет од тројца судии
б) во совет од петмина судии
в) на Општа седница

**5. Судија во Управен суд неможе да постапува како судија поединец ако нема:**

а) две години судиски стаж
б) три години судиски стаж
в) една година судиски стаж

**6. Управен спор се поведува:**

а) со тужба
б) со приговор
в) со жалба

**7. Кога Тужителот ќе ја повлече тужбата пред да биде донесена одлука од судот Управниот суд ќе донесе:**

а) решение за запирање на постапката

б) решение за отфрлање на тужбата
в) решение за прекин на постапката

**8. Против одлуката за запирање на постапка дозволена е жалба:**

а) во рок од три дена од денот на доставувањето на решението
б) во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението
в) во рок од петнаесет дена од денот на доставувањето на решението

**9. Тужбата во Управен спор се поднесува:**

а) во рок од 30 дена од денот на доставување на оспорениот акт на странката
б) во рок од 15 дена од денот на доставување на оспорениот акт на странката
в) во рок од 8 дена од денот на доставување на оспорениот акт на странката

**10. По барање за одлагање на извршување на оспорениот акт, Управниот суд одлучува во рок од:**

а) пет дена од приемот на барањето
б) седум дена од приемот на барањето
в) осум дена од приемот на барањето

**11. Против одлуките на Управниот суд странките можат да изјават жалба во рок од:**

а) 15 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Вишиот управен суд
б) 8 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Вишиот управен суд
в) 15 дена од денот на доставувањето на одлуката преку Управниот суд до Апелациониот суд

**12. Пресудата донесена во Управен спор која повеќе неможе да се побива со жалба станува:**

а) правосилна
б) конечна
в) извршна

**13. Против решението за исправка на пресуда донесена во Управен спор:**

а) дозволена е жалба
б) не е дозволена жалба
в) дозволен е приговор

**14. Ненавременаta, нецелосната или недозволената жалба судијата поединец или претседателот на советот на Управниот суд без одржување на рочиште ќе ја отфрли со решение:**

а) во рок од 3 дена од денот на приемот на жалбата во судот
б) во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата во судот
в) во рок од 8 дена од денот на приемот на жалбата во судот

**15. Против решението за времена мерка донесена од страна на Управениот суд,Вишиот управен суд одлучува по жалба во рок:**

а) не подолг од 8 дена од денот на нејзиниот прием
б) не подолг од 30 дена од денот на нејзиниот прием
в) не подолг од 15 дена од денот на нејзиниот прием

**16. По предлогот за повторување на постапката Управниот суд решава:**

а) со пресуда по одржано рочиште
б) со решение по одржано рочиште
в) со пресуда без одржано рочиште

**17. Рокот за одговор на тужбата во управен спор:**

а) неможе да биде пократок од 8 дена, ниту подолг од 30 дена од денот на доставување на тужбата
б) неможе да биде пократок од 8 дена, ниту подолг од 15 дена од денот на доставување на тужбата
в) неможе да биде пократок од 15 дена, ниту подолг од 30 дена од денот на доставување на тужбата

**18. Ненавремените и недозволените предлози за враќање во поранешната состојба судот:**

а) ќе ги отфрли со решение
б) со решение ќе ја запре постапката
в) ќе донесе решение за прекин на постапката

**19. Паричните казни утврдени со Законот за управни спорови ги изрекува:**

а) Врховниот суд
б) Вишиот управен суд
в) Управниот суд

**20. Доколку Управниот суд ја одбие или отфрли тужбата или пак постапката се запре,трошоците во постапката ги сноси:**

а) секоја странка своите трошоци
б)Тужителот
в)Тужениот

**21. Против одлуката на Управниот суд може да се изјави жалба поради:**

а) суштествени повреди на одредбите на постапката, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и поради погрешна примена на материјалното право
б) само поради суштествени повреди на одредбите на постапката
в) само суштествени повреди на одредбите на постапката, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба

**22. Предвидени правни лекови во постапката во управен спор се:**

а) ревизија
б) Барање за заштита на законитоста
в) предлог за повторување на постапка

**23. Примерок од одговорот на жалба, Управниот суд до жалителот ќе достави во рок од:**

а) 3 дена од денот на приемот на одговорот на жалба
б) 5 дена од денот на приемот на одговорот на жалба
в) 8 дена од денот на приемот на одговорот на жалба

**24. Против решението на Управниот суд со кое жалбата е отфрлена:**

а) може да се поднесе приговор
б) не е дозволена жалба
в) може да се поднесе жалба

**25. По секое барање за одлагање за извршување на оспорениот акт, Управниот суд донесува решение најдоцна во рок од:**

а) 3 дена од приемот на барањето
б) 7 дена од приемот на барањето
в) 15 дена од приемот на барањето

**26. Против решението за прекин на постапката поради спроведување на модел постапка:**

а) не е дозволена посебна жалба
б) дозволена е жалба само во случаи определени со закон

в) дозволена е жалба

**27. Управниот суд за законитоста на конечните поединечни акти донесени во изборна постапка одлучува:**

а ) во совет од петмина судии
б) во совет од тројца судии
в) во совет од двајца судии и тројца судии поротници

**28. Кога Управниот суд ќе утврди дека веќе постои правосилна одлука донесена во управен спор за истата работа:**

а) со решение ќе ја отфрли тужбата
б) со решение ќе ја одбие тужбата
в) со решение ќе ја запре постапката

**29. Управниот спор се смета за поведен:**

а) со денот на доставување на тужбата до тужениот
б) со денот на поднесување на тужбата во судот
в) со денот на доставување на одговорот на тужбата од тужениот

**30. Ако на расправата не дојде некоја странка или друг учесник без за истото да даде оправдување, а уредно е поканет:**

а) тужбата ќе се смета за повлечена
б) расправата ќе се одложи
в) расправата може да се одржи без нивно присуство

**31. Против решението за прекинување на постапката во управен спор поради претходно прашање, жалба е дозволена во рок од:**

а) 7 дена од денот на доставување на решението на странките
б) 5 дена од денот на доставување на решението на странките
в) 3 дена од денот на доставување на решението на странките